

Декларација

ХРАНА ЗА ПРОМЕНИ

Дојди на трпезата!
Дојди да се видиме, дојди да вкусиме, да се потсетиме дека храната е љубов, база на нашето постоење, чедото на биодиверзитетот и неопходната алатка за „поправање“ на светот. Дојди на трпезата, запознај ја генезата!

Со храната се враќаме кон животот, ја чувствуваме вредноста, го регенерираме она што е околу нас и повторно се поврзуваме со природата, секојдневието, луѓето...
Но, инструментите на современата технологија ја завртеа играта- масовните мистификации, интернет сензации и глобализатори на моќта пукаат од сите социјални прозорчиња, и тоа во огромен замав го поткопува човештвото до самите темели на животот на земјата. Се прескокнуваат адетите, се игнорираат природните ресурси, се запоставуваат локалните гастрономски белези, се уништува биодиверзитетот ...И што да направи човекот, кога гледа како исчезнува природата а тој е дел од неа?

Поттикнати од малигното, провизорно уривање на традицијата и природата, иселувањето на младите, запустувањето на огништата..., бранот од новата нормалност, ние делегатите на 2-иот Конгрес на Слоу Фуд Македонија, ја објавуваме оваа

ДЕКЛАРАЦИЈА

како спас за аманетот што си го носиме во генот, сакајќи да обезбедиме иднина за нашата храна, за нашите деца, за нашето утре.

Нашата изјава на љубовта кон иднината е смирувањето со природата. Ако не знаеме да го поправиме, ајде да престанеме да го кршиме светот. Храната нека биде врската помеѓу нас, природата и културата, двигател на промената. Да бидеме лидери во поврзувањето на луѓето и природата.
*Промената што ќе ја направиме се однесува на начинот на производството и на видовите на храна. Да го вратиме животот во неа. Кога ќе го знаеме одговорот на прашањето- што конзумираме, ќе ја обезбедиме иднината за следните генерации.

*Кризите низ кои поминуваме бараат длабоки промени во човечкото општество а нашата цел е шанса за младите, за руралните жени и за маргинизираните групи. Потребни се нови парадигми за да се спроведат овие промени, а тоа ќе значи напуштање на нашите познати зони. Ги поддржуваме малите, локалните производителите, ги поддржуваме фармерите.

*Нашата порака за следниот квартал е идните генерации да се вратат кон природата и да делуваат во согласност со неа, локалното да го доближиме до глобалното. Како? Наједноставно, со она што веќе го имаме: луѓето сакаат добра храна и добри приказни.
Императив и предизвик во годините пред нас се нови млади луѓе во СФМК, возобновување со свежа енергија и со нови идеи.

*Уште еден предизвик ни е промена која се однесува на начинот на производството: кога знаеме што јадеме, можеме да ја обезбедиме иднината, и тоа со гордост да им го оставиме на следните генерации.

*Акцентот е ставен и на агроекологијата, да го користиме знаењето и искуството што претците го имаа пред индустриската револуција, да ги подржиме локални вештини, занаети кои луѓето ги развија до совршенство, почитувајќи го природниот циклус. Трансформирање на неодржливи во одржливи системи на производството на храната, е уште една важна алка во синџирот.

*Новата цел е да им дадеме живот на автентичните рурални пејсажи и истите да се стават во функција на агротуризмот. Во таа насока е потребна промоција, проценка и креирање на туристичката понуда, враќање кон изворот. Според ресурсите и атрактивноста да се одберат земјоделски производи, да се сади, одгледува, собира. Да нурнуваме по долапи, да истражуваме, да ја тргнеме пајажината од старите јадења и да му дозволиме на светот да се насладува од нашите традиционални гастрономски егзибиции.

*А се што е поинакво, што го има знакот на полжавчето, ги има и трагите на оние што создаваат, го има квалитетот и се лепи за умот. Најважното наследство што Интернационалната мрежа Слоу Фуд го изгради во скоро 40. годишната историја е знаење од кое се учи, што може да се дели и разгранува.

Слоу Фуд Македонија значи луѓе, идеи и решенија и промовира пристап до добра, чиста и правична храна за сите. Преку многубројни активности: Арка на вкусови, Президиуми, Училишни градини, Алијанса на готвачи, Пазар на фармери, Слоу вино, Слоу Фуд Гостилници...., ние ја креираме нашата иднина.

Да ја искористиме храната за да ја донесеме потребната промена.
Храна за промени!

Придружни се на Слоу Фуд Македонија!